*ОД ДЕНЕС ДО 13 ЈУНИ ВО ВЕНЕЦИЈА* НМ, Ск, 9. VI 1999 / LV, 18713, 10

# „Прекрасните суштества“ на Канал Гранде

Искра Димитрова, млад ликовен уметник од Скопје со над 30 самостојни изложби зад себе (во САД, Европа и во Македонија), во деновите кога во Венеција е предвидено новинарското, неофицијално отворање на 48. Интернационална изложба на современата уметност – попозната како Биенале во Венеција, од денес до 13 јуни ќе се претстави со проект наречен „Прекрасни суштества“. Димитрова е инаку автор кој за ова Биенале конкурираше со четири проекти на конкурсот на Министерството за култура, но како што е познато, Министерството поради немање средства, го откажа и официјално избраниот проект на Петар Хаџи Бошков. Изведбата на „Прекрасни суштества“ е всушност самостоен обид на Димитрова да ѝ се претстави на светски релевантната ликовна критика деновиве собрана во Венеција. Куратор на проектот е Небојша Вилиќ.

Проектот, составен од гондола во која е поставен отворен мртовечки ковчег, што ја вози убав гондолиер по венецијанските канали, го презентира личниот став на авторката кон уметноста. „Уметноста е единственото сигурно место во животот, т.е. смислата на реалноста во која се наоѓам ја барам во иронијата која е проткаена во уметничкиот чин“ вели Димитрова во својата изјава за „Нова Македонија“.



**Инсталацијата – перформанс „Прекрасни суштества“**

– Гондолата е придружена со монотон звук, гондолиерот говори текст/бајка на мегафон на италијански и англиски, а додека тој весла, јас го заменувам. Во ковчегот кој нема дно, е поставено огледало по целата должина за во него да се огледува небото или по некој љубопитен гледач – вели Димитрова. Тоа е истиот проект презентиран минатата година во галеријата 109 и годинава во Нирнберг, само што разликата ќе биде тоа што „Прекрасните суштества“ овојпат во Венеција ќе бидат на отворено, што беше моја дамнешна желба и нема да бидат во темница, како многу мои досегашни проекти што беа излагани во интимни атмосфери. Социјалниот и ангажираниот момент овде ќе бидат повеќе потенцирани со гласноста на мегафонот, а идејата за тоа датира уште кога постоеше варијантата на Венеција да се оди паралелно со Хаџи Бошков, односно нашиот проект да биде неофицијален. И тогаш сакав да биде во гондола, морбидниот и реалниот елемент од една и романтичниот, од друга страна, да бидат попотенцирани. Кога не би била гондолата, не постои ниту едно друго место на светот каде би го извела овој проект и тој да биде толку силен, бидејќи Венеција е град на спротивности. Тука се вклопуваат совршено ковчегот-симбол на она што е реално, земно и минливо, симбол на кругата реалност и текстот на бајката како симбол на романтичноста и идеализмот – вели таа. Со оваа реализација јас си ја остварувам желбата што постоеше ушт[е] лани за време на конкурирањето кога знаев дека секако ќе ода[м] во Венеција, само што денес т[ој] проект е многу изменет: вклучув[а] елементи од перформанс и од ин[-] сталација. Исто така, секогаш м[и] било битно идејата да биде реали[-] зирана на најдобар начин, без д[а] имам план однапред по кој мето[д] ќе работам – некогаш е инстала[-] ција, некогаш е мултимедијале[н] проект. Така на пример, следнио[т] проект ми е видеоинсталација.

На прашањето како нејзинио[т] проект се вклопува во годинаш[-] ната тема на Биеналето „Отворе[-] но“, таа потсетува на интенцијат[а] на главниот селектор Симан, Би[-] еналето да го направи некла[-] сично, без познати уметници, тук[у] носител да биде помладата гене[-] рација. – На двапати сретнав в[о] негово интервју дека тој е заинте[-] ресиран за уметноста на младит[е] автори, посебно женските, и дек[а] повеќето учесници годинава с[е] тоа.

Значи, проектот на Димитрова – инсталација и перформанс наречен „Прекрасни суштества“, о[д] денес до недела, до официјалнот[о] отворање на изложбата на 48. Венецијанско биенале, ќе се вози[-] меѓу Сан Марко и Дворските градини (Џардините – каде се сместени најбитните павилјони) од 10 до 16 часот секој ден. Генерален менаџер на проектот е Студиото „Asypo“.

**С. Ѓуровска**